Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 20.04.2022

Денеска (20.04.2022) во 00.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје - Единица за недозволена трговија го лишиле од слобода А.Ш.(23) од с.Идризово, скопско. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага со остатоци од марихуана. Тој бил приведен во Полициската станица Гази Баба и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 19.04.2022 во 21.30 часот на ул.„191“ во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Т.(51) од Република Турција, со живеалиште во Скопје. Тој бил баран по две централни потерници од Основен кривичен суд Скопје. С.Т. бил осуден на затворска казна од една година и четири месеци за сторено кривично дело „тешка кражба“ по член 236 од Кривичниот законик, а бил баран и за издржување мерка притвор за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста“ по член 144 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во казнено-поправна установа за издржување на затворската казна и мерката притвор.

На 19.04.2022 во 11.40 часот на ул.„Џон Кенеди“ во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.К.(26) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница од Основен суд Скопје I за издржување казна затвор од три години. Лицето било спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 19.04.2022 Одделението за криминалистички работи Аеродром и Драчево, по преземени мерки и активности, расчисти три кривични дела извршени на ул.„Јане Сандански“, на подрачјето на ЕВР Аеродром и Драчево и од слобода ги лиши Р.А.(42) и Б.Е.(41), двајцата од Скопје. Тие се сомничаат дека заедно на 24.01.2022 извршиле тешка кражба на дрзок начин во обид врз М.Б.М.(32) од Скопје, а на 31.01.2022 во пекарница извршиле цепна кражба од И.П.С.(28) од Скопје. Р.А., пак, се сомничи дека на 10.02.2022 извршил тешка кражба на дрзок начин, при кој од Б.Н.(44) од Скопје одзел паричник. Тие биле приведени во полициска станица против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 19.04.2022 во 15.00 часот на ул.„Никола Карев“ во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Б.(24) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница од Основен суд Скопје I за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело по член 383 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 19.04.2022 во 10.50 часот во ресторанот Чегране, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 30-годишниот Ш.Ф. од ова село, осуден на затворска казна за сторено кривично дело „тешка кражба“, казниво по член 236 од Кривичниот законик. По приведувањето, реализирано со судска наредба, Ш.Ф. бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово“ во Тетово за издржување на казната.

На 19.04.2022 во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Ѓ.Ф.(32) од Велес. Тој се сомничи дека извршил две кривични дела „разбојништво“, и тоа на 06.03.2022 во куќа на ул.„Вера Цириворт“ и на 05.04.2022 во куќа на ул.„Благој Нечев“ во Велес. Во полициска станица со него бил извршен службен разговор и по целосно документирање на случаите против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.04.2022 во 22.35 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Ш.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.04.2022 во 19.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Т.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.04.2022 во 21.40 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.М.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.04.2022 во 18.45 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Б.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.04.2022 околу 12.50 часот во Полициската станица Дебар било пријавено дека на кружниот тек во изградба помеѓу ул.„Амди Леши“ и ул.„Атанас Илиќ“ во Дебар, работници пронашле една неексплодирана граната. Извршен бил увид на местото од увидна екипа од Полициската станица Дебар и Дирекцијата за заштита и спасување, при што било констатирано дека станува збор за артилериска граната со К-75 мм од постар тип. Граната била подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 19.04.2022 во 20.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул.„Трета македонска бригада“ во Скопје. Пожарот бил изгаснат, а во куќата била пронајдена почината С.Ч.(75) од Скопје. Смрт констатирал лекар, увид бил извршен од полициски службеници од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител, телото на починатата било предадено на одјукција. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.04.2022 во 14.35 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.М.(32) од Скопје пријавила дека на ул.„Фуштанска“ нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 19.04.2022 во 17.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат с.Челопек – Тетово се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл без регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Челопек и патничко возило „фолксваген туран“, со тетовски регистарски ознаки, управувано од малолетник од с.Милетино. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот, констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 19.04.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Гази Баба, И.М.(48) од Скопје пријавил дека во нас„Керамидница“ бил каснат од куче скитник.

На 19.04.2022 во 21.10 часот во СВР Струмица било пријавено дека на крстосница од ул. „Братство Единство“, ул.„Младинска“ и ул.„24 Октомври“ во Струмица, патничко возило „Скарт“, со струмички регистарски ознаки, управувано од В.С.(24) од с.Добрејци, удрило во двајца малолетни пешаци од Струмица. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобиле пешаците, констатирани во Медицинскиот центар во Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

На 19.04.2022 во 13.10 часот во Полициската станица Драчево, Г.Д.(47) од Скопје пријавил дека во с.Зелениково бил каснат од куче скитник.

Денеска (20.04.2022) полициски службеници на СВР Тетово, спровеле акциска контрола за откривање на прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот, во која биле откриени и санкционирани вкупно 34 прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-23). Сите прекршоци се однесуваа на непочитување пренинување на улиците надвор од обележани пешачки премини. На пешаците им биле изготвени законски предвидените поднесоци, а ќе бидат повикани и на сообраќајна поука. При контролата, исто така, санкционирани се и 13(ТЕ) други прекршоци.

На 18.04.2022 во 18.30 часот на ул.„Манастирска“ во јурисдикто село Велгошти, патничко возило „индијбиши“, со бугарски национални ознаки, управувано од К.К.(18) од Охрид, излетало од патот. Во несреќата К.К. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Охрид. Увид на местото извршила екипа од СВР Охрид.

На 19.04.2022 во 11.31 часот во СВР Битола, раководител на агенција за обезбедување пријавил дека во периодот од 18.30 часот на 18.04.2022 до 06.30 часот на 19.04.2022 во фабрика за производство на марихуана во стечај, во близина на с.Алданци, крушевско, било влезено со употреба на сила и подесен алат и биле одземени 108 шишиња масло од канабис и 6 најлонски кеси со ситници од растениот канабис. Увид на местото извршиле увидни екипи од Надворешните канцеларии за криминалистички работи Крушево и Прилеп и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.04.2022 во 21.08 часот во Полициската станица Аеродром, В.Н.(38) од Скопје пријавила дека на подрачјето на нас.Аеродром била физичка напаѓана од Ј.Б. од Скопје, а по претходна вербална расправија во угостителски објект. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.04.2022 во 19.15 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на нас.Карпош, Т.А.(57) и Љ.А.(28), двајцата од Скопје, го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против И.Х.(50) од с.Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без посебна лиценца“. На 08.02.2022 кај С.Зубовце, гостиварско, полициски службеници извршиле контрола во минибус „форд“, управуван од пријавениот и констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна документација издадена од надлежен орган.

На 19.04.2022 во 21.20 часот во Полициската станица Шуто Оризари било пријавено дека на подрачјето на нас.Шуто Оризари А.И.(28) и Д.И.(42), двајцата од Скопје, по претходна вербална расправија, го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.04.2022 во 11.35 часот во Полициската станица Центар, З.Н.(39) од Скопје пријавил дека před трговски центар на ул.„Кочо Рацин“ во Скопје, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Х.(35), Д.Д.(26) и Б.Љ.(33), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“. На 01.01.2022 во угостителски објект на Попова Шапка, пријавените физички ги нападнале сопственикот и еден вработен и оштетиле дел од инвентарот.

На 19.04.2022 околу 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека од реката Вардар на подрачјето на Гази Баба бил извреден уавен Р.К.(61) од Скопје. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош, увид извршила екипа од СВР Скопје и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било предадено на одјукција.

На 19.04.2022 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Интернационални бригади“, ул.„Бора Тодоровиќ“ и ул.„Петре Стефанов“ се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „ауди“, со кичевски регистарски ознаки, управувано од М.И.(26) од с.Батинци, скопско и патничко возило „фиат стило“, со скопски регистарски ознаки, сопственост на МВР. Во незгодата полициски службеник се здобил со повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 19.04.2022 во 13.40 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца Скопје се одалечил Р.Ш.М.(14) од Куманово. Тој и претходно во повеќе наврати самоволно се одалечувал од домот и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Скопје – Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Ф.Ј.(20) од Скопје и против правно но Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпад“, казниво по член 230 ст.3 ив ст.5 од Кривичниот законик. Во февруари 2022 година, при извршена контрола од страна на полициски службеници и инспектори од Државниот пазарен инспекторат, бил пронајден нерегистриран склад за откуп и продажба на секундарни суровини, сопственост на правното лице, чиј управител бил правоприемникот. Притоа, било утврдено дека Ф.Ј., преку правното лице, неовластено тргувал со отпад без да поседува дозвола за вршење на дејност управување со отпад издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

На 19.04.2022 околу 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул. „Марие Аџев“ едно лице со закана кон вработените одзело пари од дневниот промет. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.04.2022 во 22.49 часот во СВР Скопје, жена од Скопје пријавила дека Д.Т.(20) од скопско село извршил облуда врз нејзината малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.04.2022 во 23.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автобуска постојка на бул.„Гоце Делчев“ во Скопје било забележано патничко возило „фолксваген кади“, со бугарски национални ознаки, а лицата кои биле во него лепеле плакати на автобуската постојка. Полициски службеници излегле на местото и било утврдено дека, навлечено тргувал со отпад без да поседува дозвола за вршење на дејност управување со отпад издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

На 19.04.2022 околу 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул. „Марие Аџев“ едно лице со закана кон вработените одзело пари од дневниот промет. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.04.2022 во 22.49 часот во СВР Скопје, жена од Скопје пријавила дека Д.Т.(20) од скопско село извршил облуда врз нејзината малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.04.2022 во 23.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автобуска постојка на бул.„Гоце Делчев“ во Скопје било забележано патничко возило „фолксваген кади“, со бугарски национални ознаки, а лицата кои биле во него лепеле плакати на автобуската постојка. Полициски службеници излегле на местото и било утврдено дека, навлечено тргувал со отпад без да поседува дозвола за вршење на дејност управување со отпад издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

На 19.04.2022 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Интернационални бригади“, ул.„Бора Тодоровиќ“ и ул.„Петре Стефанов“ се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „ауди“, со кичевски регистарски ознаки, управувано од М.И.(26) од с.Батинци, скопско и патничко возило „фиат стило“, со скопски регистарски ознаки, сопственост на МВР. Во незгодата полициски службеник се здобил со повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 19.04.2022 во 13.40 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца Скопје се одалечил Р.Ш.М.(14) од Куманово. Тој и претходно во повеќе наврати самоволно се одалечувал од домот и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Скопје – Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Ф.Ј.(20) од Скопје и против правно но Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпад“, казниво по член 230 ст.3 ив ст.5 од Кривичниот законик. Во февруари 2022 година, при извршена контрола од страна на полициски службеници и инспектори од Државниот пазарен инспекторат, бил пронајден нерегистриран склад за откуп и продажба на секундарни суровини, сопственост на правното лице, чиј управител бил правоприемникот. Притоа, било утврдено дека Ф.Ј., преку правното лице, неовластено тргувал со отпад без да поседува дозвола за вршење на дејност управување со отпад издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.